СКОПЈЕ
Примено: 16.10.2020
Орг. Един. 08 | Број: 1867/1 | Прилог: | Вредност:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409-378/4
06.10.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 7 седница одржана на 30.09.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Психологија" од трет циклус докторски студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Психологија" трет циклус докторски студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје во согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по општествени науки од полето психологија /во меѓународен промет академски назив: Doctor of social sciences in the field of psychology.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 510 Психологија
Научно – истражувачка област: 51001 - 51010.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
проф. д-р Михајоло Поповски, проф. д-р Николона Кениг, проф. д-р Огнен Спасовски, проф. д-р Ана Фрицханд, проф. д-р Катерина Наумова.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 септември 2021 година, дава

## РЕШЕНИЕ
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Психологија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Психологија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-378/4 од 6.10.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр. 03-944/1 од 8.4.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-435/1 од 13.4.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Психологија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-435/2 од 14.4.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 29.4.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-435/3 од 10.5.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Психологија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 04-10-2021 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1619/4 | | |

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 40-9867/1**
**21 септември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**